РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр./Nr 12-3931/2

17-11-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител ---------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 41-та седница одржана на 11.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена на 19.08.2019 година поднесена од подносителот ------------ до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-3931/1 од 19.08.2019 година, во која се укажува на наводи за сомневање за непостапување на службени лица во општината Илинден во врска со неподнесување на жалба на Решението на Основното јавно обвинителство Скопје КО 1 бр. 528/2016 од 05.04.2017 година со кое била отфрлена кривичната пријава поднесена од општина Илинден против лицата -----------------, кои на 07.08.2016 година извршиле попречување на машина багер ангажирана од страна на општината Илинден за чистење на Главен канал - Горна зона, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3528/1 од 12.07.2019 година.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3931/1 од 19.08.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител ----------------------- .

Во пријавата се укажува на незаконско постапување на службени лица на оштината Илинден поврзано со настан што се случил во 07.08.2016 година поврзан со попречување од страна на лицата --------------------------, сите од општина Илинден било извршено попречување на машина багер ангажирана од страна на општината Илинден за чистење на Главен канал - Горна зона. Во пријавата се наведува дека нивото на водата во каналот се покачило поради прифаќање на водите од целото сливно подрачје на

општина Гази Баба при што дошло до излевање на водата на одредени потези и поплавување на околните ниви. Со напори на граѓаните од околните места и претставници на општината Илинден каналот бил исчистен но багерот бил заробен од лицата ------------------------ на ден 07.08.2016 година во услови на прогласена кризна состојба во Скопскиот и Тетовскиот регион како најзагорозени подрачја.

Имено во пријавата се изразува незадоволство од непостапувањето на службеното лице во општина Илинден- Раководител за инспекциски надзор -----------, кој не поднел жалба на Решението на Основното јавно обвинителство Скопје КО 1 бр. 528/2016 од 05.04.2017 година со кое е отфрлена кривичната пријава поднесена од општина Илинден против лицата ----------------------------, кои извршиле попречување на машина багер ангажирана од страна на општината Илинден за чистење на Главен канал - Горна зона.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и придружната документација, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или кои вршат работи од јавен интерес, ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија оттаму заклучи дека нема нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот и истиот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk